# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕНИТЕ НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

**СОДРЖИНА:**

**I. Општи одредби**
**II. Опис на Правилникот**
**III. Завршни одредби**
**IV. Документи и прилози**

| | Датум | Име и презиме | Функција |
|---|---|---|---|
| Изработил | 24.10.2017 | м-р Ристо Костуранов | генерален секретар |
| Одобрил | 08.05.2018 | проф. д-р Блажо Боев | ректор |
| **Правна основа:** Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) | | | |
| **Усвоил:** Универзитетски сенат (број на седница:148, датум:08.05.2018 година и број на седница: 152, датум: 28.9.2018 г.) | | | |

Овој документ е сопственост на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и претставува класифицирана информација. Не се дозволува пренос на други лица. Правата се регулирани со Законот за авторски права. Забрането е фотографирање, магнетски запис или кој било друг вид запис.

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со овој Правилник, а со цел подигање на нивото на научно-истражувачката работа, зголемување на истражувачката компетитивност на вработените научно-истражувачки работници, зголемување на бројот на научни публикации во индексирани списанија, подигање на нивото на истражувачките капацитети, зголемување на бројот на докторанди и зголемување на бројот на истражувачи и тргнувајќи од своите основни определби дека ќе биде модерен, европски, научно профилиран универзитет, со јасни определби за зголемување на нивото на знаењето што се продуцира и на зголемување на неговата дисеминација до поширокатa општествена заедница и стопанството се уредуваат формирањето, начинот и условите на користење на средства од Фондот за научно-истражувачка работа од страна на вработените научно-истражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Член 1**

На Универзитетот се формира Фонд за научно-истражувачка работа.

**Член 2**

Средствата во Фондот за научно-истражувачка работа се обезбедуваат од буџетот на Универзитетот, од сметката на сопствени приходи – издавачка дејност, како и средства од легати, подароци, завештанија, прилози и од други остварувања.
Висината на паричните средства од став 1 од овој член се утврдува на годишно ниво со одлука на Универзитетскиот сенат, *УС.ОБ.04 Одлука од УС.*

**Член 3**

Со фондот за научно-истражувачка работа управува Управен одбор кој брои 7 членови и тоа: ректорот, проректорот за наука и генералниот секретар по функција и четири члена кои на предлог на ректорот на Универзитетот ги избира Универзитетскиот сенат.
Членовите на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа што ги предлага ректорот треба да бидат од најмалку три кампуси на Универзитетот.
Мандатот на членовите на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа што ги предлага ректорот трае три години.
Претседател на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа, по функција, е ректорот на Универзитетот.

**Член 4**

На членовите на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа им следува паричен надомест кој со посебна одлука го утврдува Сенатот на Универзитетот на предлог на претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.
Надоместот од став 1 од овој член се исплаќа за физичко и активно присуство на седниците на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа што се потврдува со потпис во список за редовност на членовите на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа и по поднесено барање и изготвен налог за исплата, *ОНУ.ОБ.03 Список за редовност ,Фонд за НИПОНУ.ОБ.05*

*Барање за финансирање НИП, Р.ОБ.23 Налог за исплата од приход од НИ дејност,*

## II. ОПИС НА ПРАВИЛНИКОТ

### Начин на работа на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа

**Член 5**

Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа одлучува на седници.
Седниците ги закажува и со нив претседава претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.

**Член 6**

Седниците на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа се свикуваат со покана за седница која ги содржи: датумот, местото, денот, времето на одржување на седницата, предлогот за дневниот ред со материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за седницата и записникот од претходната седница на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа, *ОНУ.ОБ.49 Покана за ФНИР*
Поканата за седницата на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа се доставува до членовите на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа, најмалку 7 (седум) дена пред седницата. Само во итни случаи поканата може да биде доставена во покус рок.

**Член 7**

Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови.

**Член 8**

Членот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа има право и должност да присуствува на седниците, да се подготвува за секоја седница и да учествува во работата и одлучувањето на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.

**Член 9**

Со исклучок, членот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа може да отсуствува од седницата од оправдани причини.
Оправданоста на причините за отсуство ја оценува претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.
Членот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа е должен најмалку 1 (еден) ден пред одржувањето на седницата, во писмена форма, да го извести претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа за отсуството.
Претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа го опоменува членот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка

работа кој трипати едноподруго не присуствувал на седниците, а не го оправдал своето отсуство.

**Член 10**

За присуството на членовите на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа се води список за евиденција кој го потпишуваат присутните членови на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа, ОНУ.ОБ.03 *Список за редовност ,Фонд за НИП.*

**Член 11**

Претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа ја планира динамиката на седниците на Управниот одбор на фондот за научно-истражувачка работа.
По потреба, претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа може да свикува и вонредни седници на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.
Предложениот дневен ред го утврдува Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа на почетокот на седницата.

**Член 12**

Дневниот ред се прифаќа со мнозинство од присутните членови на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.

**Член 13**

По отворањето на седницата, претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа утврдува дали има кворум.
Претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа информира за оправданоста на отсуствата на членовите на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.
Ако се утврди дека не присуствуваат доволен број членови на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа за полноважна работа и одлучување, седницата се одлага.
Закажаната седница се одлага и во случај кога ќе настапат причини кои го оневозможуваат одржувањето на седницата во закажаниот ден.
Седницата ја одлага претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.

**Член 14**

По усвојувањето на дневниот ред, Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа го усвојува записникот од претходната седница.
Записникот на кој не се ставени забелешки, како и записникот со усвоените забелешки и извршените измени, се смета за усвоен.
Усвоениот записник го потпишува претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.

**Член 15**

По усвојувањето на дневниот ред и на записникот, се преминува на претресување на прашањата од дневниот ред.

Претресот започнува со излагање на предлагачот кое не може да биде подолго од 15 минути и трае додека по него има пријавено учесници за збор.
Секој учесник има право на дискусија до 15 минути.

**Член 16**

Збор за дискусија се добива од претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа, според редоследот според кој дискутантите се пријавиле за дискусија.

**Член 17**

Членот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа може да зборува само за прашање кое е на дневен ред на седницата.
Ако членот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа со својата дискусија се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот ќе го повика да се придржува кон прашањето што е на дневен ред.
Ако членот и по второто повикување не се придржува кон дневниот ред, претседателот му го одзема зборот.

**Член 18**

Во текот на претресот Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа може по предлог на член на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа да донесе одлука со која разгледувањето на некое прашање од дневниот ред се прекинува со цел предметот повторно да се проучи или да се дополни материјалот, односно да се прибават потребните податоци за идната седница на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.

**Член 19**

За работата на седницата на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа се води записник од страна на секретарот на докторска школа *ОНУ.ОБ.50 Записник од седница на ФНИР*
Во записникот се внесува: бројот на седницата, местото на одржување на седницата, денот и часот кога се одржува седницата, евентуалното одлагање или прекин на седницата, отсутните членови кои го оправдале, односно кои не го оправдале отсуството, другите присутни лица на седницата, заклучокот на записникот од претходната седница, усвоениот дневен ред, основните податоци за работата, посебно предлозите изнесени на седницата и формулација на актите донесени на седницата на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа со назначување на резултатот од гласањето како и времето кога седницата е завршена или прекината.
Членот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа кој на седницата го издвоил своето мислење може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото мислење.
По барање на член на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа како составен дел на записникот се внесува и авторизираната дискусија на членот кој е должен писмено да ја достави во рок од 7 (седум) дена по завршувањето на седницата.
Составен дел на записникот, во Архивата на Универзитетот, се доставените материјали за седницата и актите донесени на седницата.
Текот на седницата се снима во електронска форма.

**Член 20**

Претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа ја прекинува седницата на Управниот одбор на Фондот ако во текот на траењето се намали бројот на присутните со што ќе се предизвика недостиг од мнозинство членови на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа, потребно за работа и одлучување (кворум), поради нарушување на редот во салата во која се одржува седницата, заради пауза, ако седницата поради долго траење не може да заврши во истиот ден.
Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.

**Член 21**

По исцрпувањето на прашањата од дневниот ред, претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа констатира дека седницата е завршена.

**Член 22**

По предложените акти во материјалите за седницата се одлучува со гласање.
Ако во текот на претресот се поставаат предлози (амандмани) кон предложениот акт, прво се гласа за поставените предлози според редоследот на поставувањето, а потоа за предлогот даден во материјалот на седницата.
Претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа е должен да го формулира предлогот за кој се гласа и по гласањето да соопшти каква одлука е донесена.
Прифатената формулација на актот се внесува во записник.

**Член 23**

За одлуката на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа се гласа јавно, со кренатa рака или поединечно, за што одлучува Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.
Тајно се гласа кога Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа за тоа посебно ќе одлучи.
За секоја одлука членот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа е должен да се изјасни со „за“ или „против“ предлогот или да се воздржи од гласањето.
По завршеното гласање претседателот на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа ги утврдува резултатите од гласањето и врз основа на резултатите објавува дали предлогот за кој се гласало е усвоен или одбиен.

**Член 24**

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.
Гласањето го спроведува комисија од три члена, избрана од Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.
Гласачките ливчиња мора да бидат во еднаква големина и со иста боја.
Гласачкото ливче го содржи редниот број и датумот на одржување на седницата, прашањето за кое се гласа, кратко упатство за начинот на гласањето, потпис на членовите на комисијата и печат на Универзитетот.

**Член 25**

Пред да се премине на тајно гласање, секретарот на докторската школа ги дава потребните објаснувања за начинот на гласањето.

**Член 26**

Тајното гласање за предлогот во целина се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведуваат предлогот и зборовите: за и против, а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

**Член 27**

Административните, стручните и другите работи за потребите на Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа ги врши секретарот на докторската школа.

**Посебни одредби**

**Член 28**

Вработените научноистражувачки работници, надворешни научноистражувачки работници, студенти и вработени (редовни и вонредни професор, доценти, доктори на науки – истражувачи, студенти и вработени) имаат право на користење на средствата од Фондот за научноистражувачка работа под услови и на начин определен со овој Правилник.

**Член 29**

Средствата од Фондот за научно-истражувачка работа се користат за:

1. Финансирање на научно-истражувачки проект;
2. Поддршка на веќе финансиран научно-истражувачки проект (национален, меѓународен, билатерален и др.);
3. Финансирање на издавање на монографија чиј автор е редовен професор.

**Член 30**

Финансирањето на научно-истражувачки проект и финансиската поддршка на веќе финансиран проект се врши преку конкурс кој го објавува Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.
Конкурсот е интерен и се објавува на веб-страницата на Универзитетот, *ОНУ.ОБ.04 Конкурс за НИП*

**Член 31**

Финансирањето на научно-истражувачки проект и финансиската поддршка на веќе финансиран проект се реализира со поднесување на барање од раководителот на проектот до Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа, *ОНУ.ОБ.05 Барање за финансирање НИП.*

**Член 32**

На поединечните одлуки донесени од Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа за прифаќање за финансирање на научните проекти и одлуките за доделување на финансиска поддршка на веќе финансираните проекти од други извори, *ОНУ.ОБ.06 Одлука од Управен одбор на ФНИР* согласност дава Универзитетскиот сенат, *ОНУ.ОБ.09 Одлука за согласност за позитивно завршен НИП*

**Член 33**

Висината на одобрените финансиски средства за финансирање на научно-истражувачки проект не може да изнесува повеќе од 200.000,- денари годишно,

а времето за финансирање на проектот е 2 (две) години, со можност под одредени услови предвидени со овој правилник за продолжување за уште 1 (една) година.
Доколку во научно-истражувачки проект се користи лабораторија, се одобруваат дополнителни финансиски средства кои не може да изнесуваат повеќе од 100.000,- денари за целиот научно-истражувачки проект и тие се користат наменски за хемикалии или за ситен лабораториски инвентар, за лиценци за софтверски пакет и за нагледни средства.
Годишниот буџет на научно-истражувачки проект се распоредува по соодветни пред-дефинирани ставки според кои се трошат одобрените финансиски средства.
Во предложениот проект не смее да се користат средства од други извори на финансирање.
Раководителот на проектот доставува изјава со која потврдува дека во предложениот проект не се користат средства од други извори на финансирање.

**Член 34**

Висината на одобрените финансиски средства за поддршка на веќе финансиран научно-истражувачки проект од други извори не може да биде поголема од 100.000,- денари за еден проект.
Доделените средства од став 1 од овој член може да се користат само за набавка на научно-истражувачка опрема.

**Член 35**

Висината на одобрените финансиски средства за финансирање на издавање на монографија чиј автор е редовен професор ќе биде најмногу до 50.000,- денари.
Овие средства може да се користат само за покривање на трошоците за издавање и промоција на монографијата.
Барањето за финансирање до Управниот одбор на Фондот за научно истражувачка работа може да се поднесува во текот на целата година.

**Член 36**

За користење на средства од Фондот за научно-истражувачка работа корисниците на средствата (научно-истражувачките работници) склучуваат договор со Универзитетот*, ОНУ.ОБ.07 Договор за финансирање на научно-истражувачки проект.*
Со договорот се утврдува начинот на користење на средствата од Фондот за научно-истражувачка работа и начинот на презентација на научните резултати како основен елемент за оправдување на искористените средства.

**Раководители на научно-истражувачки проекти**

**Член 37**

Апликации за финансирање на научно-истражувачки проекти до Фондот за научно-истражувачка работа може да поднесат само научно-истражувачки работници кои го исполнуваат условот за раководител на научно-истражувачки проект.

**Член 38**

Раководител на научно-истражувачки проект може да биде научно-истражувачки работник кој е вработен на Универзитетот со звање редовен или вонреден

професор и кој во последните пет години има објавено како автор или коавтор најмалку три научни публикации во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index), односно Scopus. Раководител на проект може да биде вработен на Универзитетот со звање редовен или вонреден професор од областа на уметноста и кој во последните пет години има учество на најмалку три меѓународни уметнички настани.
Висината на одобрените финансиски средства за финансирање на научно-истражувачки проект од став 1 од овој член изнесува најмногу 200.000,- денари годишно, а времето за финансирање на проектот е 2 (две) години, со можност под одредени услови предвидени со овој правилник за продолжување за уште 1 (една) година.
Доколку во научно-истражувачки проект се користи лабораторија, се одобруваат дополнителни финансиски средства кои не може да изнесуваат повеќе од 100.000,- денари за целиот научно-истражувачки проект и тие се користат наменски за хемикалии или за ситен лабораториски инвентар, за лиценци за софтверски пакет и за нагледни средства.
Раководител на научно-истражувачки проект може да биде и научно-истражувачки работник кој е вработен на Универзитетот со звање редовен или вонреден професор и кој во последните пет години има објавено како автор или коавтор најмалку три научни публикации во референтна научна публикација како Ebsco, Emerald, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank и PubMed.
Висината на одобрените финансиски средства за финансирање на научно-истражувачки проект од став 4 од овој член изнесува најмногу 100.000,- денари годишно, а времето за финансирање на проектот е 2 (две) години.

**Член 39**

Научно-истражувачки работник може да биде раководител само на еден научно-истражувачки проект и учесник само уште на еден проект, односно научно-истражувачки работник може да биде учесник во 2 (два) тековни научно-истражувачки проекти.
Научноистражувачки работник може да биде раководител на научноистражувачки проект, со истражувачки тим составен само од студенти на прв, втор и трет циклус на студии.
Дополнително од став еден на овој член научноистражувачки работник може да биде раководител на уште еден научноистражувачки проект, со истражувачки тим составен само од студенти на прв, втор и трет циклус на студии.
Во студентскиот истражувачки тим може да биде вклучен и 1 (еден) студент од други истражувачки единици надвор од Универзитетот (од друг универзитет од Република Македонија или од странство).
Висината на одобрените финансиски средства за финансирање на научноистражувачки проект со истражувачки тим составен од студенти изнесува најмногу 200.000,- денари годишно, а времето за финансирање на проектот е 1 (една) година.
За позитивно завршен научноистражувачки проект од овој член кој е финансиран од Фондот за научноистражувачка работа ќе се смета само оној проект кој за време на траењето на проектот има објавено најмалку една публикација во меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index), односно Scopus

или во референтна научна публикација како Ebsco, Emerald, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank и PubMed.

**Научно-истражувачки проект**

**Член 40**

Поднесувањето на научно-истражувачки проект до Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа се доставува на посебни формулари кои се составен дел на овој Правилник, *ОНУ.ОБ.05 Барање за финансирање на научно-истражувачки проект, Одлука*

Во научно-истражувачкиот проект основни елементи се:

- наслов на проектот;
- главен истражувач и истражувачки тим на проектот;
- научно подрачје, поле и област на проектот;
- вид на истражувањето (фундаментално, развојно, применето)
- други институции – учесници во истражувањето;
- траење;
- цена на чинење на проектот и
- одлука од наставно-научниот совет на соодветната единица на Универзитетот за прифаќање на научно-истражувачкиот проект.

**Член 41**

Научно-истражувачки проект може да се поднесува од сите научни полиња и области кои се застапени во рамките на научно-истражувачкиот процес на Универзитетот.

Научно-истражувачкиот проект треба да ги исполнува следните критериуми:

- релевантност на проектот во однос на утврдените цели;
- оригиналност на целите и содржината на истражувањето;
- веројатност во постигнување на очекуваните резултати;
- компетентност на главниот истражувач и предложениот истражувачки тим;
- вклученост и оспособување на млади научно-истражувачки кадри;
- веројатност за реална примена на резултатите во практиката;
- исполнетост на материјално-техничките и други инфраструктурни услови за реализација на проектот;
- реалност на планираното време за реализација на проектот и
- реалност на финансиските средства за реализација на проектот.

**Член 42**

Бројот на научно-истражувачките работници кои се составен дел на истражувачкиот тим на проектот не може да биде помал од 5 (пет), заедно со раководителот на проектот, од кои 1 (еден) или 2 (двајца) се со звање вонреден професор или доцент, 1 (еден) или 2 (двајца) со звање соработник и еден студент од студентите запишани на втор или трет циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во истражувачкиот тим може да биде вклучен и 1 (еден) научно-истражувачки работник од други истражувачки единици надвор од Универзитетот (од друг универзитет од Република Македонија или од странство).

**Начин на прифаќање на научно-истражувачки проект за финансирање и давање на финансиска поддршка на веќе финансиран проект**

**Член 43**

Финансиска поддршка на веќе финансиран научен проект ќе добие секој проект за кој ќе биде поднесено барање за поддршка до Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа.

**Член 44**

Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа ќе го прифати за финансирање секој научен проект во тековниот конкурс за кој позитивно се има изјаснето наставно-научниот совет на соодветната единица/факултет на Универзитетот.

**Член 45**

Во случај кога поднесените апликации за научно-истражувачки проекти и поднесените барања за финансиска поддршка на веќе финансираните проекти го надминуваат годишниот буџет на Фондот, тогаш се изготвува ранг-листа на истражувачкиот тим на проектот врз основа на бројот на бодовите добиени од збирот на нивните публикации објавени во последните пет години во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index), односно Scopus.

Бројот на бодовите се пресметува како збирна сума од сите поединечни бодови на учесниците во проектот.

Ако повеќе автори од истражувачкиот тим се наоѓаат на една публикација, тогаш бројот на бодовите добиени од збирот на нивните публикации, од став 1 и став 2 од овој член, се засметува само еднаш, за ранг листата на истражувачкиот тим.

Листата на објавени публикации врз чија основа се изготвува ранг-листа на истражувачкиот тим на проектот, се зема од листата на публикации кои се наоѓаат во Репозиториумот на Универзитетот објавен на веб-страницата, освен за членовите на истражувачкиот тим кои не се во редовен работен однос на Универзитетот.

**Начин на презентација на добиените резултати од научно-истражувачкиот проект и начин на оправдување на искористените средства од Фондот за научно-истражувачка работа**

**Член 46**

За секој одобрен научно-истражувачки проект од Управниот одбор на Фондот за научно-истражувачка работа, истражувачкиот тим мора да изготви посебна веб-страница за проектот на соодветната катедра, оддел на единицата на Универзитетот.

**Член 47**

За позитивно завршен научно-истражувачки проект од член 38 став 1, 2 и 3 од овој правилник, кој е финансиран од Фондот за научно-истражувачка работа ќе се смета само оној проект кој за време на траењето на проектот има објавено најмалку една публикација за една година во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index) или Scopus односно објавено најмалку две публикации за две години, до завршување на проектот во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа

СЦИ (SCI - Science citation index) или Scopus, а за проектите од областа на уметноста да доставаат информација за учество на меѓународни уметнички настани.
Најдоцна по истекот на 6 (шест) месеци по завршување на проектот, се утврдува дали е исполнета обврската од став 1 од овој член, односно дали се објавени или се прифатени публикации за објавување.
Доколку учесниците во научно-истражувачкиот проект имаат објавено повеќе од една публикација за една година во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index) или Scopus, имаат право да го продолжат проектот и во наредната година, односно проектот може да се продолжи за уште 1 (една) година и да трае и да се финансира максимум три години.
За позитивно завршен научно-истражувачки проект од член 38 став 4 и 5 од овој правилник, кој е финансиран од Фондот за научно-истражувачка работа ќе се смета само оној проект кој за време на траењето на проектот има објавено најмалку една публикација за една година во референтна научна публикација како Ebsco, Emerald, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank и PubMed, односно објавено најмалку две публикации за две години, до завршување на проектот во референтна научна публикација како Ebsco, Emerald, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank и PubMed.

**Член 48**

Доколку редовно вработените научно-истражувачки работници - учесници во финансирањето на научно-истражувачкиот проект од Фондот за научно-истражувачка работа не објават најмалку една публикација за една година во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index) или Scopus, а имаат објавено труд во меѓународно списание, истите солидарно имаат обврска половина од финансиските средства добиени по проектот да ги вратат во Фондот за научно-истражувачка работа.
Доколку редовно вработените научно-истражувачки работници - учесници во финансирањето на научно-истражувачкиот проект од Фондот за научно-истражувачка работа не објават најмалку една публикација за една година во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index) или Scopus и немаат објавено труд во референтна научна публикација како Ebsco, Emerald, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank и PubMed, истите солидарно имаат обврска целата сума од финансиските средства добиени по проектот да ги вратат во Фондот за научно-истражувачка работа.
Паричните средства од став 1 и став 2 од овој член се враќаат во Фондот за научно-истражувачка работа од нивната апликативна дејност или од платата во текот на наредниот период по завршување на проектот.
Учесниците во научно-истражувачкиот проект од ставот 1 од овој член не може да конкурираат за нов научно-истражувачки проект од Фондот за научно-истражувачка работа на Универзитетот во наредниот период од 2 (две) години.
Учесниците во научно-истражувачкиот проект од ставот 2 од овој член не може да конкурираат за нов научно-истражувачки проект од Фондот за научно-истражувачка работа на Универзитетот во наредниот период од 3 (три) години.

**Член 49**

Завршниот извештај од научно-истражувачкиот проект се предава до први мај во тековната година и може да се организира јавна презентација на која ќе бидат презентирани резултатите од научно-истражувачкиот проект, *ОНУ.ОБ.08 Завршен извештај од научно-истражувачки проект.*
Завршниот извештај потпишан од сите учесници во проектот се изготвува во 3 (три) примероци.
Доколку се организира јавна презентација, таа се одржува на единицата на Универзитетот.

**Член 50**

Управниот одбор на Фондот за научно - истражувачка работа донесува одлука за прифаќање на позитивно завршен научно-истражувачки проект, *ОНУ.ОБ.09 Одлука за согласност за позитивно завршен НИП*
Составен дел на одлуката од став 1 од овој член се: завршниот извештај од научно-истражувачкиот проект и копии од објавените публикаци во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index) или Scopus, односно во референтна научна публикација како Ebsco, Emerald, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank и PubMed.

**Член 51**

Правните и административните работи кои произлегуваат од одредбите на овој Правилник ќе ги водат секретарот на докторска школа.
Правните и административните работи вработените од став 1 од овој член ќе ги водат во согласност со одредбите и обрасците кои се составен дел на овој Правилник и позитивните законски прописи во Република Македонија како и правилата за архивско работење на УГД, ООПР.ПР.03 Процедури за архивско работење на УГД.

**Член 52**

Финансиско-сметководствените работи кои произлегуваат од одредбите на овој Правилник ќе ги води Секторот за сметководствено и финансиско работење.
Финансиско-сметководствените работи кои произлегуваат од одредбите на овој Правилник ќе се водат во согласност со одредбите и обрасците кои се составен дел на овој Правилник и позитивните законски прописи за водење на сметководство за единките корисници на средства од буџетот, со примена на системот за трезорско работење.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 53**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето.

## IV. ДОКУМЕНТИ И ПРИЛОЗИ

**Прилози:**

1. *ОНУ.ОБ.03 Список за присуство на учесници во работата на ...,*
2. *ОНУ.ОБ.04 Конкурс за распределба на парични средства за финансирање на научно-истражувачки проекти.Р.ОБ.22 Налог за исплата за ФНИР*
3. *ОНУ.ОБ.51 Барање за исплата ФНИР*
4. *ОНУ.ОБ.49 Покана за ФНИР*

5. *ОНУ.ОБ.50 Записник од седница на ФНИР*
6. *ОНУ.ОБ.05 Барање за финансирање на научно-истражувачки проект.*
7. *ОНУ.ОБ.06 Одлука*
8. *ОНУ.ОБ.07 Договор за финансирање на научно-истражувачки проект,*
9. *ОНУ.ОБ.08 Завршен извештај на научно-истражувачки проект.*
10. *ОНУ.ОБ.09 Одлука*

**Документи:**

1. *ОНУ.ПРВ.03 Правилник за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип*
2. *УС.ОБ.04 Одлука од УС*
3. ООПР.ПР.03 *Процедури за архивско работење на УГД*

Ректор,
Проф. д-р Блажо Боев